Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 37, 15 март 2010 година

март 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *психијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *дерматовенерологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *неврологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *анестезиологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *гинекологија и акушерство* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Историја на музиката“ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет„Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ/СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука бр. 2502-108/10 од 4.11.2009 год. за распишување на Конкурс за избор на ***асистенти (специјалисти)*** за наставно-научното подрачје ***гинекологија и акушерство*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На 16.12.2009 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/46 и Решение бр. 2502-118/50 - претседател, 2502-118/51 - член, 2502-118/52 - член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област *гинекологија и акушерство* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

- д-р Глигор Димитровски - претседател, вонреден професор по предметот Гинекологија, вработен во ПУ „Ремедика“ - Скопје, претседател;
- д-р Јорго Бабушку, редовен професор по предметот Гинекологија, вработен во ПУ „Ремедика“ - Скопје, член;
- д-р Андреја Арсов, вонреден професор по предметот Хирургија, вработен во ПУ „Ремедика“ - Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 25.11.2009 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 25.11.2009 година, за избор на асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријавија двајца кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Стаменка Јанкуловска** е родена на 23 ноември 1951 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно - гимназиско образование завршува во Штип. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 1978 година. На 27 мај 1987 година завршува специјализација по специјалноста акушерство и гинекологија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. На 16 октомври 2005 година се стекнува со звање примариус.

***Професионално искуство***

Во 1978 година се вработува како доктор по општа медицина во Службата за медицина на трудот и спортот. Во 1987 година се вработува како специјалист по акушерство и гинекологија во РЕ Заштита на жената. Во 1987 година е назначена за раководител на Диспанзерот за жени, а од 2001 година до денес е раководител на РЕ Гинекологија и акушерство при Клиничката болница во Штип.

Кандидатката е член на Лекарската комора на Република Македонија, Македонското лекарско друштво и Здружението на гинеколози и акушери на Република Македонија.

***Објавени стручни трудови***

1. **„Интрапартално страдање на плодот (Fetal Distress) како индикација за завршување на раѓањето со царски рез” -** С.Јанкулова, Н. Камчев, Д. Витларова, Гинеколошко-акушерско одделение, Медицински центар - Штип, Р.Македонија. *II. Конгрес на гинеколозите и опстетричарите на Р. Македонија со мегународно учество, Охрид 2003.*
2. **„Анемии по породување во работната единица гинекологија со акушерство во Медицински центар - Штип” -** Јанкулова С., Витларова Ј., Камчев Н., РЕ Гинекологија со акушерство во Медицински центар во Штип, Р. Македонија. *XVI Конгрес на лекарите на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид 2003.*
3. **„Ефикасност во третманот на вулвовагиналната кандидијаза”** С.Јанкулова, С. Василева, Диспанзер за жени, Медицински центар - Штип, Р. Македонија. *III Конгрес на дерматовенеролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Струга 2004.*
4. **„Менаџмент на бременост и породување кај пациентки со епилепсија на Гинеколошко- акушерско одделение во Медицински центар-Штип” -** Јанкулова С.,Трајкова В., Гинеколошко-акушерско одделение во Медицински центар, Штип. *III Конгрес на невролозите на Р.Македонија со меѓународно учество, Струмица, 2004.*
5. **„Сарком на вулва” -** С.Јанкулова, В. Атанасов, Гинеколошко- акушерско одделение, Медицински центар - Штип, Р. Македонија. *I Конгрес на лекарите по општа медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид 2003.*
6. **„Анемии заради миом на матката и нивниот третман во РЕ Гинекологија и акушерство во Медицински центар - Штип” -** Јанкулова С., Витларова Д., Камчев Н., Камчева М., Гацова М., РЕ Гинекологија и акушерство во Медицински центар - Штип Р.Македонија. *II Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2004.*
7. **„Дијабетес мелитус тип II и преегзистирачка хипертензија кај гравидна пациентка” -** Јанкулова С., Бајрактарова Т., Гинеколошко-акушерско одделение, Медицински центар – Штип. *II Конгрес по ендокринологија дијабетес и метаболни нарушувања со меѓународно учество, Охрид 2004.*
8. **„Значењето на експлоративната киретажа во дијагнозата на патолошките промени на ендометриумот” -** С. Јанкулова, Р. Газепов, Гинеколошко - акушерско одделение, Медицински центар - Штип, Р. Македонија. *II Конгрес на гинеколозите и опстетричарите на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид 2003.*
9. **„Намалување на перинаталниот морталитет во состојба на фетален дистрес со навремено завршување на раѓањето” -** Јанкулова С., Гацова, М.,Наџакова С., Гинеколошко-акушерско одделение, Медицински центар - Штип, Р. Македонија. *III Конгрес на педијатрите на Р. Македонија со интернационално учество, Охрид 2003.*
10. **„Предоминантна патологија во менаџментот на хроничната пелвична болка” -** С. Јанкулова, Диспанзер за жени, Медицински центар - Штип, Р. Македонија. *I Конгрес на лекарите по општа медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид 2003.*

***Коавторски трудови***

1. **„Заразна жолтица и бременост”** - Балова Н., Спасова Б., Јанкулова С. Инфективно одделение - Медицински центар - Штип, РМ - *II. Конгрес на инфектолозите на Македонија.*
2. **„Инфективни ризици поврзани со трансфузија на целокупна крв, еритроцитни концентрати, свежа изогрупна и универзална плазма-наши искуства” -** Камчев Н., Витларова Ј, Камчева М, Икономова Л, Јанкулова С. РЕ Трансфузиологија, Медицински центар, Штип, РМ, *II. Конгрес на инфектолозите на Македонија.*
3. **„Терапија со нискомолекуларен хепарин кај длабоки венски тромбози на бремени жени во РЕ Гинекологија со акушерство во Медицински центар во Штип” -** Витларова Ј, Камчев Н, Јанкулова С. РЕ Гинекологија со акушерство,

Медицински центар - Штип, РМ *II. Конгрес на гинеколози и опстетичари од РМ, со меѓународно учество.*

4. **„Терапија со еритроцитни концентрати кај бремени жени со анемија во Медицински центар во Штип" -** Камчев Н, Витларова Ј, Камчева М, Јанкулова С, Икономова Л. РЕ Трансфузиологија, РЕ Гинекологија со акушерство, Медицински центар - Штип, РМ - *II. Конгрес на гинеколози и опстетичари од РМ, со меѓународно учество.*
5. **„Евалуација на цитолошки детектираните премалигни и малигнипромени на грлото на матката во Општина Делчево во 2003"** В. Атанасов, С. Јанкулова, С, Каракашевска. Здраствен дом - Делчево *II. Конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија.*
6. **„Терапија со изогрупна плазма на тешките дехидрации при ентероколити" -** Гацова М, Јанкулова С. Медицински центар - Штип - *II. Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество.*
7. **„Примена на нискомолекуларен хепарин во лекувањето на длабока венска тромбоза кај бремени жени"** Витларова Ј, Камчев Н, Дејанова В, Јанкулова С - РЕ Трансфузиологија - *II. Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество.*
8. **„Приказ на случај со спинална мускулна атрофија тип II и болест на Werding-Hoffmann" -** Гацова М, Трајкова В , Јанкулова С РЕ Детско одделение, Медицински центар - Штип -*Трет конгрес на невролозите на РМ.*
9. **Гранулом на умбиликусот во рано доенечка возраст** М. Гацова, С. Јанкулова, С. Василева - Медицински центар - Штип - *III. Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија.*

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Бранислава Вујановиќ-Серафимов** е родена на 23 август 1973 година во Штип. Основно и средно училиште завршува во Штип, каде се здобива и со музичко образование - отсек клавир. Во учебната 1991/92 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје и истиот го завршува на 23 септември 1977 година.

По завршувањето на факултетот и на приправничкиот стаж се вработува во Медицински центар – Штип. Најнапред работи како лекар во Службата за итна медицинска помош - Штип. На 23 март 2007 година станува специјалист по гинекологија и акушерство и веднаш продолжува со работа на Гинеколошко-акушерското одделение при ЈЗУ Клиничка болница во Штип.

Активно учествува на многу конгреси, симпозиуми, стручни собири и работилници во земјава и во странство. Престојува во Универзитетската клиничка болница во Ерланген, Сојузна Република Германија.

***Наставна дејност***

Кандидатката д-р Бранислава Вујановиќ - Серафимов стекнатите знаења за време на дипломските и специјалистичките студии успешно ги применува во воспитно-образовната дејност како вонреден наставник во Средното медицинско училиште „Јане Сандански" – Штип по предметите Гинекологија и акушерство и Фармакологија.

Кандидатката е член на Лекарската комора на Република Македонија,Македонското лекарско друштво и Здружението на гинеколози и акушери на Република Македонија.

***Објавени стручни трудови***

1. Најчесто користени лекови во репродуктивниот период на жената - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, Славјанка Поповска.
2. Ефектот на кортикостероидната терапија кај предвремено родените деца - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, Конгрес на педијатрите во Охрид 2007 год.
3. Сигурноста на ПАП тестот во детекција на рано откривање на рак на грлото на матката - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, Горан Димитров.

4. Мерење на нухаланата траслуценеца во детекција на рано откривање на малформација на плодот - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, А. Ефремовски.
5. 5-годишно преживување кај оперираните од Wertheim-Meigs - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, Јорго Бабушку.
6. Најчестите несакани ефекти кај хиперстимулацијата кај жените - Бранислава Вујановиќ-Серафимов, Славејко Сапунов.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатките д-р Стаменка Јанкуловска и д-р Бранислава Вујановиќ-Серафимов ги исполнуваат законските критериуми за избор на асистент-помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Стаменка Јанкуловска да се избере за асистент (специјалист) за научната област *гинекологија и акушерство* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а кандидатката д-р Бранислава Вујановиќ - Серафимов во помлад асистент (специјалист).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Глигор Димитровски – претседател, с.р.**
**Д-р Јорго Бабушку, член, с.р.**
**Д-р Андреја Арсов, член, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Стаменка Јанкуловска**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | 1. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 10 | 1 | 10 |
| 2. | 2. Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир во Македонија | 5 | 2 | 10 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 6 | 1 | 6 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 2 | 1,5 | 3 |
| | **Вкупно** | | | **29** |

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Бранислава Бујановиќ -Серафимов**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | 1. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 5 | 1 | 5 |
| 2. | 2. Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир во Македонија | 5 | 2 | 10 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 7 | 1 | 7 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 2 | 1,5 | 3 |
| | **Вкупно** | | | **25** |